Врз основа на член 34 став 3, член 36 став 4 и член 41 став 3 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13 и 43/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СОРТАТА ВО НАЦИОНАЛНА СОРТНА ЛИСТА И ЗА ВОДЕЊЕ НА НАЦИОНАЛНА СОРТНА ЛИСТА**

**Член 1**

Во Правилникот за запишување на сортата во национална сортна листа и за водење на национална сортна листа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 103/09), Прилогот 1 се заменува со нов Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 18-140/1
27.03.2014 година
Скопје

**Министер за земјоделство,**
**шумарство и водостопанство**
Љупчо Димовски, с.р.

**Прилог 1**
**Образец**

## П р и ј а в а б р. ____________
**За запишување на сортата во национална сортна листа**

1. Пријавувач (*фирма /селекционер/одржувач)* ________________________
2. Овластено лице (*доколку пријавувачот е странско правно или физичко лице*)

________________________________________________

3. Вид на растението
   ________________________________________________
4. Име на сортата
   ________________________________________________
5. Потекло на сортата (странска, домашна, локална популација) ________
6. Намена и упоотреба на сортата ____________________________________
7. Извршено испитување на вредноста за производство и употреба на сортата ( VCU-тест) ______________________________________________
8. Извршено испитување за различност, еднообразност и стабилност на сортата (DUS-тест)
   ______________________________________________
9. Извршена заштита на географско потекло___________________________
10. Технички опис на сортата (*прилог кон пријавата*) ____________________
11. Генетски модифицирана сорта да___________ не ____________________
12. Број и датум на решение за признавање на сортата __________________

12. Забелешка

________________________________________________________

**Пријавувач**

____________________

**м.п.***

***За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва**